Во периодот околу 2010-2011 година во Македонија несразмерно се зголемени казните затвор во однос на европските. Тогаш преовладало уверувањето дека на тој начин ќе се намали криминалитетот во земјата одкако потенцијалните извршители на кривични дела ќе видат дека казните се многу високи. Сепак, тоа не се случи, таа теорија и тоа верување се покажаа за погрешни, а од друга страна направена е една дисторзија во кривичниот законик, која потребно е да се исправи.

Особено се нелогични казните каде имам минимум пропишани месеци или години затвор, но без горна граница, од типот ,,над три години затвор,, што за судот значи помеѓу три и 20 години затвор, па аналогно на тоа застарувањето на гонењето е за 40 години.

Ова се предлог за измени, односно намалувања на висината на казните во кривичниот законик. На измена на овој закон во моментот и онака работи работна група, која треба да подготви измени на овој закон, според непроверени информации во ист правец.

Во предлогот има и одредени предлози за надминување на некои други ситуации доколку се повторат некогаш.

Доколку се прифатат овие измени, ќе дојде до поголемо релаксирање на напнатоста во општеството како резултат на политичките прогони. Тоа нема во целост да ги затвори овие прашања, но значително ќе ги ублажи.

КРИВИЧЕН ЗАКОНИК

Службен весник број: 37/1996; 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 170/2017; 248/2018;

Измени на Кривичниот законик

*Злоупотреба на службената положба и овластување*

Член 353

(1) Службено лице кое со намера да прибави за себе или за друг некаква имотна корист или на друг ќе му нанесе штета, или потешко ќе ги повреди правата на друг , со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(2) Ако искористувањето на службената положба или овластување, пречекорувањето на границите на службеното овластување, има влијае на незаконско зголемување на имотот на

службено лице како резултат на сторувањето делото од став 1, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако сторителот на делото од став 1, со намера прибави за себе или за друг голема имотна корист, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Со казната од став 1, 2 и 3 ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република Македонија или лице што врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност.

(5) Прибавената имотна корист се одзема.

*Несовесно работење во службата*

Член 353-в

(1) Службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие или јавна установа кое со повреда на законските прописи за судир на интересите или за совесно постапување при вршењето на дискреционо овластување, со пропуштање на должен надзор очигледно несовесно постапува во вршењето на своите овластувања и должности и со тоа на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со парична казна или со казна затвор од три месеци до три години.

(2) Ако сторителот на делото од став 1 предизвика значителна имотна штета или потешко ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Со казната од ставовите 1 и 2 ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице кое има претставништво во Република Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност, определено со закон.

(4) Службено лице или одговорно лице во орган на државна управа кое со повреда на законските прописи за спроведување на управна постапка, со пропуштање на должен надзор или на друг начин несовесно постапува во вршењето на своите овластувања и должности и со тоа на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со парична казна или казна затвор од шест месеци до три години.

(5) Тој што делото од ставот (4) ќе го стори од небрежност, ќе се казни со затвор од шест месеци до две години и со парична казна.

*Злосторничко здружување*

Член 394

(1) Тој што ќе создаде група или банда што има за цел вршење на кривични дела за кои може да се изрече казна затвор од три години или потешка казна, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Припадникот на групата или бандата, ќе се казни со затвор до три години.

(3) Припадникот на групата или бандата кој ќе ја открие групата, односно бандата, пред да стори некое кривично дело во нејзин состав или за неа, ќе се ослободи од казна.